Агенција за аудио

и аудиовизуелни

медиумски услуги

# АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ
# НА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
# ЗА 2017 ГОДИНА

## СОДРЖИНА:

ВОВЕД ........................................................................................................ 4

I. ЕКОНОМСКО РАБОТЕЊЕ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..................................................12

1. ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС ..........................................................................13

2. КОМЕРЦИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ ...............................................................................18

2.1. ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО........................................18

2.2. САТЕЛИТСКИ ТЕЛЕВИЗИИ ..............................................................................26

2.3. ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ПРЕКУ ОЈКМ ..............................................31

2.4. ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО................................................................36

2.5. ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО .....................................................................46

3. КОМЕРЦИЈАЛНИ РАДИОСТАНИЦИ .......................................................................51

3.1. РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО...............................................................51

3.2. РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО..........................................................56

3.3. РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО ...............................................................61

II. ПОДАТОЦИ ЗА СЛУШАНОСТА НА РАДИОСТАНИЦИТЕ И ЗА ГЛЕДАНОСТА НА ТЕЛЕВИЗИИТЕ ...............................................................................................67

ПРЕГЛЕД НА СЛИКИ..................................................................................................75

ПРЕГЛЕД НА ТАБЕЛИ ................................................................................................76

# ВОВЕД

Оваа Анализа го опфаќа економското работење на радиодифузерите во 2017 година. Податоците ги доставија самите радиодифузери, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, а нивната валидност беше проверена со податоците од завршните сметки на радиодифузерите.

Во првиот дел од Анализата се претставени податоците за економското работење на јавниот радиодифузен сервис, комерцијалните телевизии и комерцијалните радиостаници, односно податоците за остварените приходи, уделите на радиодифузерите во вкупните приходи, структурата на приходите, вкупните трошоци, уделите во вкупните трошоци и структурата на трошоците, резултатот од работењето и просечниот број на вработени во редовен работен однос во 2017 година. За најголем дел од овие показатели прикажано е и движењето во периодот од последните пет години.

Во вториот дел од Анализата се претставени податоците од мерењата на телевизиската и на радиската публика во анализираната година.

# РЕЗИМЕ

Табела 1. Клучни наоди

| | Вкупни приходи | Приходи од реклами | Вкупни трошоци | Резултат од работењето | Просечен број на вработени во рро |
|---|---|---|---|---|---|
| **Македонска-радио телевизија** | **1,037.49** | **25.08** | **1,028.63** | **7.03** | **847** |
| **Комерцијални телевизии** | **1,421.32** | **1,245.82** | **1,513.69** | **-102.10** | **1.232** |
| ТВ на државно ниво-терестријални | 1,071.89 | 933.62 | 1,026.65 | 36.25 | 612 |
| ТВ на државно ниво преку сателит | 64.41 | 61.33 | 116.56 | -52.15 | 124 |
| ТВ на државно ниво преку ОЈКМ | 155.16 | 150.20 | 219.47 | -64.85 | 230 |
| ТВ на регионално ниво | 102.38 | 75.46 | 118.76 | -16.73 | 192 |
| ТВ на локално ниво | 27.48 | 25.21 | 32.25 | -4.62 | 74 |
| **Комерцијални радиостаници** | **150.03** | **112.70** | **161.52** | **-11.54** | **179** |
| РА на државно ниво | 63.57 | 38.90 | 73.78 | -10.71 | 32 |
| РА на регионално ниво | 52.02 | 43.15 | 49.54 | 0.30 | 51 |
| РА на локално ниво | 34.44 | 30.65 | 38.20 | -1.13 | 96 |

## *Број на радиодифузери*

Во текот на анализираната година вкупниот број на радиодифузери се намали за шест. На почетокот на годината, покрај јавниот радиодифузен сервис, програма емитуваа уште 134 радиодифузери (63 телевизии и 71 радиостаница), а на крајот на годината вкупно 128, од кои 58 телевизии и 70 радиостаници**.**

## *Вкупни приходи*

Вкупните приходи што во 2017 година заеднички ги оствариле сите радиодифузери (Македонската радиотелевизија, 54 комерцијални телевизии и 70 радиостаници) изнесувале 2.608,84 милиони денари.

Повеќе од половината од овој износ (54,48%) се вкупните приходи на комерцијалните телевизии во вкупен износ од 1.421,32 милиони денари. Приходите на МРТ во износ од 1.037,49 милиони денари претставуваат 39,77%, а приходите на  радиостаниците во вкупен износ од 150,03 милиони денари претставуваат 5,75% од вкупните приходи на сите радиодифузери.

**Слика 1. Вкупни приходи во индустријата во 2017 година**




Во 2017 година, во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија се остварени најниски вкупни приходи во последните пет години. Од 2013 година наваму, стапката на раст на вкупните приходи во индустријата секоја година била негативна, но приходите се намалиле најмногу во последната година – за 10,35%.

**Слика 2. Вкупни приходи во индустријата во последните пет години**




Сите три сегменти од индустријата оствариле помалку приходи отколку во претходната година, и тоа МРТ за 152,34 милиони денари, комерцијалните телевизии за 118,87 милиони денари, а комерцијалните радиостаници за 30,10 милиони денари.

**Слика 3. Движење на вкупните приходи на МРТ и комерцијалните радиодифузери во последните пет години**




Во износот од 2.608,84 милиони денари се пресметани приходите што радиодифузерите заеднички ги оствариле по сите основи. Најзначаен дел, поточно 90% од овој износ, претставуваат приходите од рекламирање (53%) и приходите на МРТ од радиодифузна такса и од средствата префрлени од Буџетот на Македонија согласно членот 105 - финансирање на МРТ и членот 135 - средства за финансирање на радиодифузната дејност (37% од вкупните приходи). Останатите 10% од вкупните приходи во индустријата се приходите остварени по сите други основи.

**Слика 4. Структура на приходите во индустријата во 2017 година**




## *Приходи од рекламирање*

Приходите од рекламирање изнесувале 1.383,61 милиони денари. 90,04% од овој износ оствариле комерцијалните телевизии, комерцијалните радиостаници 8,15%, а најмалку МРТ - 1,81%.

Слика 5. Приходи од рекламирање впо 2017 година




Исто како и вкупните приходи, во 2017 година биле остварени и најниски приходи од рекламирање во последните пет години. Освен во 2014 година, кога биле остварени за 3,10% повеќе приходи отколку во претходната година, во следните три години во континуитет се намалувал износот на овие приходи, достигнувајќи во 2017 година 1.383,60 милиони денари.

Слика 6. Движење на приходите од рекламирање во последните пет години




Помалку приходи од рекламирање оствариле и јавниот и комерцијалниот сектор. Приходите на комерцијалните телевизии биле за 5,68% пониски отколку во 2016 година, односно за 74,96 милиони денари. МРТ остварила приходи пониски за 43,30% (19,15 милиони помалку), а комерцијалните радиостаници 20,93% помалку од 2016 година (29,84 милиони денари).

### *Вкупни трошоци*

Во 2017 година сите радиодифузери заедно потрошиле 2,703.84 милиони денари. Највисоки трошоци направиле комерцијалните телевизии – 1,513.69 милиони денари. Трошоците на МРТ изнесувале 1.028.63 милиони денари, а на комерцијалните радиостаници 161,52 милиони денари.

Слика 7. Движење на вкупните трошоци во индустријата во последните пет години




Во анализираната година сите три сегменти направиле помалку трошоци отколку во 2016 година. Од приказот подолу се гледа дека во 2013 година трошоците на МРТ и трошоците на сите комерцијални телевизии заедно биле речиси еднакви. Но јавниот сервис во секоја од следните години потрошил повеќе средства отколку во 2013 година, иако во 2016 и во 2017 трошоците биле пониски отколку во претходните години, а комерцијалните телевизии од 2013 година наваму, од година в година ги намалувале трошоците.

**Слика 8. Движење на вкупните трошоци во последните пет години**



## *Резултат од работењето*

Финансискиот резултат од работењето на сите радиодифузери (МРТ и комерцијалните телевизии и радиостаници) во 2017 година бил загуба во износ од 106,61 милиони денари. Само јавниот сервис остварил позитивен финансиски резултат.

**Слика 9. Вкупни приходи, вкупни трошоци и резултат од работењето (во милиони денари)**



# I. ЕКОНОМСКО РАБОТЕЊЕ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

# ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

Во септемри 2017 година беа направени измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со коишто се воведоа промени во начинот на финансирање на јавниот радиодифузен сервис. Имено, со нив беше укината радиодифузната такса и се утврди дека од Буџетот на Република Македонија ќе се издвојуваат средства во висина од 0,5% за финансирање на радиодифузната дејност. Распределбата на овие средства се врши исто како што претходно се распределуваше радиодифузната такса: 74,5% за Македонската радиотелевизија (за покривање на трошоците за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој), 19,5% за Македонската радиодифузија (за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа) и 6% за работењето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Податоците за економското работење на МРТ се обезбедени од Годишниот извештај за реализација на Програмата за работа на Македонската радиотелевизија за 2017 година[1].

Приходите на МРТ во анализираната година изнесувале 1.037,49 милиони денари, што е најнизок износ во последните пет години.

**Слика 10. Движење на вкупните приходи на МРТВ во последните пет години**




[1] Достапно на: http://mrt.com.mk/sites/default/files/Годишен%20извештај%20за%20работа%20на%20МРТ%20за%202017г_0.pdf

Во периодот од 2013 година наваму, вкупните приходи на јавниот радиодифузен сервис во континуитет се намалувале.

Подолу на приказот се претставени податоците за вкупните приходи на јавните сервиси во Хрватска[2], Србија[3] и Словенија[4]. Може да се забележи дека во 2017 година, за остварување на функцијата на јавен радиодифузен сервис, ХРТ располагала со 11 пати повеќе средства од МРТ, ТВСЛО со седум пати повеќе, а РТС со петипол пати повеќе средства отколку МРТ.

**Слика 11. Вкупни приходи во 2017 година (во милиони евра)**




Заклучно со 30.09.2017 година главен извор на финансирање на МРТ бил приходот по основ на побарувања од радиодифузна такса. Во структурата на приходите за 2017 година, радиодифузната такса учествувала со 56,50%. Приходот по овој износ изнесувал 586,15 милиони денари.

Согласно законските измени од септември 2017 година, во последниот квартал од годината од Буџетот на Република Македонија на сметката на МРТ биле префрлени 149 милиони денари, или 14,36% од вкупните приходи.

2 http://www.hrt.hr/441852/organizacija/hrt-u-2017-ostvario-dobit-nastavlja-se-racionalizacija-i-povecanje-efikasnosti

3 http://www.rts.rs/upload/storyBoxFileData/2018/07/03/11838290/Izvestaj%20o%20poslovanju%20za%202017.%20godinu.pdf

4 https://www.rtvslo.si/files/letno_porocilo/2017_02_14-fn_2017-cistopis_dopolnjen_lekt.pdf

Средствата за финансиска поддршка на МРТ, каде се вклучени и средствата за финансирање на посебни програми и програмата преку Собранискиот канал, префрлени од страна на Владата на Република Македонија учествувале со 23,13% во вкупните приходи.

Од продажбата на времето за реклама МТВ остварила 2,42% од вкупните приходи или 25,08 милиони денари. Целиот приход бил остварен од рекламирање на телевизиските сервиси. И во анализираната година, како и во претходните две години не бил остварен приход од емитување на реклами на радио сервисите. Во споредба со претходната година овие приходи биле пониски за 43,30%.

1,33% од вкупните приходи биле "останати деловни приходи". Овие приходи биле остварени од наемнини, наплатени отпишани побарувања, приходи од минати години, приходи од камати, курсни разлики и останати услуги во земјата.

Табела. 2 Структура на приходите (според финансиските извештаи на МРТ)

| | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|
| Радиодифузна такса | 858.53 | 844.52 | 803.08 | 586.15 |
| Закупнина | 0.87 | 0.77 | 0.39 | 0.38 |
| Приходи од Владата на РМ за финансиска поддршка на МРТ согласно член 105 став 5 од ЗАВМУ | 240.00 | 240.00 | 280.00 | 240.00 |
| Средства за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на РМ | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 149.00 |
| Приходи од Владата на РМ за финансиска поддршка за реализација на процесот на дигитализација на РА и ТВ програмата | 97.09 | 122.50 | 2.91 | 0.00 |
| Услуги во земјата (технички, отстапени права, останати услуги) | 4.59 | 4.24 | 4.29 | 3.80 |
| Приходи од странство (технички услуги, отстапени права) | 1.47 | 1.49 | 1.27 | 5.83 |
| Останати деловни приходи | 68.61 | 19.55 | 35.03 | 13.84 |
| Приходи од наплата на судски спорови | 0.00 | 0.05 | 0.03 | 0.00 |
| Приходи од Министерство за култура согласно Законот за поддршка на македонската музичка продукција | 5.96 | 23.25 | 18.60 | 7.12 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 49.22 | 25.56 | 44.23 | 25.08 |
| Приходи од Буџетот на РМ преку МИОА согласно член 92став 10 од ЗАВМУ | 0.00 | 2.25 | 0.00 | 6.29 |
| **Вкупно** | **1,326.34** | **1,284.18** | **1,189.83** | **1,037.49** |

Учеството на останатите ставки во структурата на приходите било помало и тоа: закупнини (изнајмување на деловен простор) со 0,04%, услуги од земјата и приходи од странство (ISDN линии, коментаторски позиции, останати услуги) со 0,93%, приходи за поддршка на домашна музичка продукција со 0,69% и приходи од Буџетот на Република Македонија преку МИОА со 0,61% во вкупните приходи.

Вкупните трошоци на МРТ изнесувале 1,028.63 милиони денари, што е за 9,00% помалку од претходната година. Повеќе средства во однос на претходната година биле потрошени за патни и транспортни трошоци и за заеднички трошоци, додека за другите ставки биле потрошени помалку отколку во 2016 година.

Најмногу трошоци (38,73% од вкупните трошоци) МРТ реализирала за заедничките трошоци. Во оваа група спаѓаат потрошен материјал, трошоци за канцелариски материјал, за енергија, синтен инвентар, комуналии, агенциски услуги за обезбедување на МРТ, амортизација на основни средства, трошоци за осигурување, даноци и други.

Трошокот за плата во 2017 година изнесувал 389,67 милиони денари (37,89 % од вкупните трошоци). Овој износ е намален за 3,42% во споредба со претходната година.

Трошокот за програмски права во 2017 година изнесувал 178 милиони денари.

Средствата за реализација на копродукциски проекти (ТВ серијалот Компромис, Малку повеќе, Албански народни приказни, Копнеж по родниот крај, квиз емисии Таксират, ТВ проект Тунел, Светот во сообраќајот, Стилисимо, Македонија од воздух, ТВ серија Сенки на Балканот и др) изнесувале 78,73 милиони денари.

Табела 3. Структура на трошоците на МРТ

| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| Трошоци на вработени | 355.61 | 402.59 | 403.47 | 389.67 |
| Патни и транспортни трошоци | 7.09 | 9.20 | 8.05 | 9.45 |
| Заеднички трошоци | 480.84 | 423.82 | 381.04 | 398.30 |
| Програмски права | 202.87 | 225.86 | 246.42 | 178.00 |
| Останати трошоци од работењето | 216.20 | 139.77 | 72.94 | 52.90 |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 15.23 | 18.01 | 0.00 | 0.00 |
| **Вкупни трошоци** | **1,277.84** | **1,219.25** | **1,111.92** | **1,028.63** |
| Набавка на опрема | 8.16 | 4.63 | 18.45 | 0.00 |
| **Вкупни расходи** | **1,286.00** | **1,223.88** | **1,130.37** | **1,028.63** |

За откуп на права за спортски настани биле издвоени 49,83 милиони денари и тоа за откуп на права за пренос на Европско првенство во ракомет мажи и жени, Лига на шампиони во ракомет, ЦЕХА лига во ракомет, Лига на шампиони и Европска лига во фудбал, АБА лига – натпревари во кошарка, пренос на Формула 1, УЕФА – квалификации за Европско првенство во фудбал (2016-2018) и други.

Трошокот за откуп на програма од независни продуценти изнесувал 22,81 милиони денари.

За откуп на права на серии, цртани серии и емисии од областа на филмот, размена на спортски вести, права за емитување на Виенскиот концерт, за реализација на детските фестивали Поточиња, Златно Славејче и детски Евросонг 2017 година биле потрошени 24,30 милиони денари.

Останатите трошоци од работењето во 2017 година изнесувале 52,90 милиони денари (тука спаѓаат трошоците за склучени авторски договори, трошоци за интелектуални услуги, технички услуги, трошоци за наем на недвижности и друго).

Со 0,92% во вкупните трошоци учествувале патните трошоци, од кои најголем дел биле за превоз и дневници за службени патувања во земјата и странство.

Во анализираната година не бил направен трошок по основ набавка на дигитални технички материјали и услуги, како и за набавка на опрема.

Финасискиот резултат кој го остварила МТВ во 2017 година бил добивка во износ од 7,03 милиони денари. Ова е најнизок остварен финансиски резултат во последните пет години.

**Слика 12. Финансиски резултат на МРТ во последните пет години**




На 31.12.2017 година бројот на вработени во Македонската радио телевизија изнесувал 847 лица што е за 17 лица помалку од претходната година.

# КОМЕРЦИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ

## ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО

Во 2017 година, петте телевизии кои емитуваат програма преку дигитален терестријален мултиплекс на државно ниво (ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алсат-М и ТВ Алфа), оствариле приход од 1,071.89 милиони денари.

**Слика 13. Вкупни приходи на терестријалните телевизии на државно ниво**




Ова е најмал износ на вкупните приходи на овие пет телевизии во последните пет години.

Во споредба со претходната година приходите се пониски за 2,65%.

**Слика 14. Вкупни приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години**




Повисоки приходи отколку во 2016 година остварила само ТВ Телма (за 31,02%). Останатите четири телевизии забележале пад на приходите и тоа: ТВ Алфа за 22,12%, ТВ Алсат-М за 7,29%, ТВ Сител за 4,55% и ТВ Канал 5 за 0,64%.

Табела 4. Стапка на раст на вкупните приходи на терестријалните телевизии на државно ниво

| | 2014/2013 | 2015/2014 | 2016/2015 | 2017/2016 |
|---|---|---|---|---|
| ТВ Алфа | -7.66% | 21.14% | -31.80% | -22.12% |
| ТВ Алсат-М | 4.76% | 1.10% | 2.86% | -7.29% |
| ТВ Сител | -7.93% | 0.65% | -12.63% | -4.55% |
| ТВ Канал 5 | 2.62% | 5.42% | -29.10% | -0.64% |
| ТВ Телма | -10.79% | 9.54% | 14.36% | 31.02% |

Движењето на вкупните приходи на секоја телевизија во последните пет години е претставено подолу на приказот. Може да се забележи дека приходите на ТВ Алфа до 2015 година, година кога имала остварено највисоки вкупни приходи (197,11 милиони денари), се во раст, а во наредните две години постепено се намалувале. Приходите на ТВ Алсат-М биле највисоки во 2016 година (170,81 милиони денари), а од 2013 до 2017 година не бележат позначајни осцилации. ТВ Канал 5 најмногу приходи од работењето остварила во 2015 година (291,86 милиони денари), а во последните две години износот на приходите бил речиси ист. Во периодот кој е анализиран приходите на ТВ Сител биле највисоки во 2013 година (584,67 милиони денари), а потоа бележат тренд на опаѓање. ТВ Телма во 2017 година остварила највисоки вкупни приходи (151,37 милиони денари).

**Слика 15. Движење на вкупните приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години**




Во структурата на приходите, најзначајно учество имале приходите од продажба на времето за рекламирање (87,10%). За секоја од овие пет телевизии, најзначаен извор на приходи била продажбата на времето за рекламирање, а учеството на овој вид приход во вкупните приходи се движи од 92,08% кај ТВ Сител до 74,82% кај ТВ Алфа.

Позначајно учество во вкупните приходи имаат и приходите од категоријата „останати приходи".

Табела 5. Структура на приходите на терестријалните телевизии на државно ниво

| | **износ** | **учество** |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 933.62 | 87.10% |
| Спонзорства | 4.31 | 0.40% |
| Продажба на содржини | 21.80 | 2.03% |
| Приходи од услуги обезбедени од трети страни | 0.00 | 0.00% |
| Останати приходи | 111.46 | 10.40% |
| **Приходи од основна дејност** | **1,071.19** | **99.94%** |
| Приходи од други дејности | 0.70 | 0.06% |
| Вонредни приходи | 0.00 | 0.00% |
| **Вкупно приходи** | **1,071.89** | **100%** |

И оваа година, највисоки приходи од рекламирање остварила ТВ Сител во износ од 416,05 милиони денари, односно 43,40% од вкупните приходи за реклами и телешопинг на овие пет телевизии. ТВ Канал 5 остварила 178,55 милиони денари, односно 18,62%, ТВ Алсат-М во износ од 141,77 милиони денари (14,79%), ТВ Телма 118,91 милиони денари (12,40%), ТВ Алфа во износ од 78,33 милиони денари (8,17%) а најмало учество имала МТВ  - само 3 %.

**Слика 16. Приходи од реклами и телешопинг на терестријалните телевизии на државно ниво во 2015, 2016 и 2017 година**




Во последните пет години поединечното учество на петте телевизии во приходите од рекламирање било приближно исто секоја година, со исклучок на ТВ Алфа, чие учество во 2016 и 2017 година се намалило, и на ТВ Телма која во тие две години имала поголемо учество отколку во претходните три.

Табела 6. Учество на терестријалните телевизии на државно ниво во приходите од рекламирање во последните пет години

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Алфа | 14% | 13% | 15% | 7% | 8% |
| ТВ Алсат-М | 12% | 12% | 12% | 15% | 15% |
| ТВ Канал 5 | 21% | 21% | 21% | 19% | 19% |
| ТВ Сител | 45% | 44% | 43% | 45% | 43% |
| ТВ Телма | 6% | 6% | 7% | 10% | 12% |

Поради тоа што како субјект на релевантниот пазар на реклами во овој сегмент од телевизиската индустрија, покрај овие пет телевизии се јавува и јавниот радиодифузен сервис, при пресметувањето на поединечното учество во вкупните приходи од рекламирање земени се предвид и приходите што од рекламирање ги остварила и Македонската телевизија.

**Слика 17. Удел на терестријалните телевизии на државно ниво во приходите од рекламирање**




Во анализираната година во Република Македонија се одржаа Локални избори и за време на изборната кампања сите пет телевизии емитуваа платено политичко рекламирање.

**Слика 18. Времетраење на емитуваното ППР и приходи од ППР на терестријалните телевизии на државно ниво**



Највисоки приходи од платено политичко рекламирање остварила ТВ Алсат-М во износ од 12,11 милиони денари за времетраење од 23 часа, 45 минути и 34 секунди. Може да се каже дека оваа телевизија најдобро го продала своето време во однос на останатите четири телевизии.

Најдолго политичките паритии се рекламирале на ТВ Сител, 29 часа, 17 минути и 31 секунди, за што телевизијата остварила приход во висина од 10,68 милиони денари.

Платено политичко рекламирање ТВ Канал 5 емитувала 16 часа, 21 минути и 37 секунди за што наплатила 8,66 милиони денари.

Времетраењето на платеното политичко рекламирање на ТВ Телма било најкратко - 9 часа, 9 минути и 42 секунди. Приходот кој го прикажала ТВ Телма изнесува 7,51 милион денари.

Политичките партии на ТВ Алфа се рекламирале 21 час, 49 минути и 38 секунди за што остварила само 2,46 милиони денари. Оваа телевизија остварила најниски приходи.

**Слика 19. Вкупни трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години**




Вкупните реализирани трошоци на овие пет телевизии во 2017 година изнесувале 1,026.65 милиони денари, што е за 5,27% помалку од претходната година. Воедно, ова се најниските трошоци во последните пет години.

Повеќе од половина од овој износ се трошоците на само две телевизии – ТВ Сител (38,87%, односно 399,09 милиони денари) и ТВ Канал 5 (19,76% односно 202,87 милиони денари). Приближно било учеството на ТВ Телма (16,59%) и ТВ Алсат-М (14,76%), 170,36 милиони денари, односно 151,52 милиони денари, а најмалку трошоци направила ТВ Алфа (10,02%) во износ од 102,82 милиони денари.

Освен ТВ Телма, останатите четири телевизии во 2017 година потрошиле помалку средства отколку во претходната година.

**Слика 20. Движење на вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години**




Во структурата на трошоците на овие пет телевизии најзначајно учество имале трошоците за набавка на програма (33,84%). Од нив најголем дел се трошоцте на ТВ Сител во износ од 179,73 милиони денари, односно 51,73% од вкупните трошоци за набавка на програма. Претходната година за набавка на програма ТВ Сител потрошила 255,17 милиони денари, односно 75,44 милиони денари повеќе отколку во 2017 година. Споредено со претходната година, повеќе средства за набавка на програма потрошиле и ТВ Канал 5 (вкупно 82 милиони денари, односно 3,53 милиони денари повеќе) и ТВ Телма (вкупно 46,44 милиони денари, односно 2,27 милиони денари повеќе). ТВ Алфа и ТВ Алсат-М го намалиле овој трошок и тоа ТВ Алфа потрошила 24,08 милиони денари, што е за 12,54 милиони денари помалку, а ТВ Алсат-М 15,7 милиони денари, односно 10,97 милиони денари помалку.

За плати и други надоместоци на лица кои се директно поврзани со производство на програма телевизиите издвоиле 261,45 милиони денари што претставува 25,47% од вкупните трошоци на работењето. Најмногу средства за плата одвоила ТВ Сител 75,02 милиони денари. ТВ Алсат-М за истата намена потрошила 56,86 милиони денари, ТВ Канал 5 - 46,84 милиони денари, а ТВ Телма 45,60 милиони денари. Најнизок трошок за плати направила ТВ Алфа, 37,12 милиони денари.

Значајно учество во вкупните трошоци од работењето имаат и „сите останат неопфатени трошоци од работењето" (13,92%), што во најголема мера се должи на високите износи што ги прикажале ТВ Сител (67,67 милиони денари) и ТВ Канал 5 (39,13 милиони денари).

Табела 7. Структура на трошоците на терестријалните телевизии на државно ниво

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 74.93 | 7.30% |
| Трошоци за набавка на програма | 347.43 | 33.86% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 41.74 | 4.07% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 261.45 | 25.48% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **725.55** | **70.72%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 33.65 | 3.28% |
| Амортизација на опремата | 73.62 | 7.18% |
| Амортизација на права и лиценци | 4.98 | 0.49% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 34.29 | 3.34% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 142.88 | 13.93% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **1,014.97** | **98.93%** |
| Расходи од други активности | 11.40 | 1.11% |
| Вонредни расходи | 0.28 | 0.03% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **1,026.65** | **100%** |

Негативен финансиски резултат остварила само ТВ Телма (загуба од 18,99 милиони денари).

Најдобар финансиски резултат остварила ТВ Сител (добивка од 46,85 милиони денари). Зад неа е ТВ Алсат-М со добивка од 5,85 милиони денари. Овие две телевизии во последните пет години во континуитет работеле со добивка. ТВ Алфа остварила добивка од 1,67 милиони денари, а ТВ Канал 5 добивка од 0,86 милиони денари.

**Слика 21. Финансиски резултат од работењето на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години**




Во 2017 година, просечниот број на вработени во редовен работен однос кај овие пет телевизии бил 612 лица. Од нив најмногу вработени биле во ТВ Канал 5 (151 лице), ТВ Сител (143 лица), ТВ Алсат-М (110 лица), ТВ Алфа (108 лица), а најмалку во ТВ Телма (100

лица). Во споредба со претходната година вкупниот број се зголемил за 11 лица заедно за сите телевизии.

**Слика 22. Просечен број на вработени во редовен работен однос во терестријалните телевизии на државно ниво во 2016 и 2017 година**




На 31.12.2017 година, вкупниот број на ангажирани лица (во редовен работен однос со полно работно време и лица ангажирани врз основа на договор за дело и/или авторски договор) изнесувал 668 лица. За две телевизии (ТВ Алфа и ТВ Канал 5) Агенцијата констатираше дека на 31.12.2017 година не го исполнувале условот од „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување" според кој бројот и структурата на вработените лица за телевизија на државно ниво која емитува програма терестријално, од општ формат, треба да биде 80, од кои 30 со висока стручна спрема, вработени како новинари. Поради тоа побара од нив да достават документи од кои ќе може да се констатира дека ги исполнуваат утврдените услови. Во утврдениот рок двете телевизии ги доставија потребните документи и со спроведен надзор беше констатирано дека нема прекршувања на Правилникот.

# САТЕЛИТСКИ ТЕЛЕВИЗИИ

Во 2017 година програма на државно ниво преку сателит емитуваа пет телевизии - ТВ 24 Вести, ТВ Канал 5 Плус, ТВ Наша ТВ, ТВ Сонце и ТВ Сител 3. Во анализата се претставени податоци за економското работење на четири од нив, поради тоа што на ТВ Сител 3[5] на почетокот на 2018 година и беше одземена дозволата за емитување програма поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (неплатен надоместок во законски утврдениот рок).

Процентуалното учество на приходите на сателитските телевизии во вкупните приходи на комерцијалните телевизии било многу мало (4,53%).

**Слика 23. Движење на вкупните приходи на сателитските телевизии во последните пет години**




Вкупниот приход на четирите телевизии во анализираната година изнесувал 64,41 милиони денари, што е за 2,29% помалку отколку во 2016 година. Во последните пет години, приходите биле највисоки во 2013 година (88,57 милиони денари), а најниски во 2015 година (45,60 милиони денари).

Слика 24. Вкупни приходи на сателитските телевизии




[5] Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје УП1 бр.08-43 од 20.02.2018 година

Само една од овие четири телевизии остварила позначајни приходи – ТВ 24 Вести. Во 2017 година оваа телевизија остварила 86,45% од вкупните приходи на сателитските телевизии, односно 55,68 милиони денари.

Наша ТВ остварила 6,43 милиони денари, ТВ Канал 5 Плус 2,03 милиони денари, а ТВ Сонце само 0,27 милиони денари.

Во споредба со претходната година, ТВ 24 Вести ги зголемила приходите за 68,22%, односно остварила 22,58 милиони денари повеќе, а речиси за исто толку се намалиле и приходите на Наша ТВ (22,45 милиони денари помалку, што претставува намалување за 77,74%).

**Слика 25. Движење на вкупните приходи на секоја од сателитските телевизии во последните пет години**




95,22% од вкупните приходи на сателитските телевизии биле од емитување реклами. Рекламирањето било речиси единствениот извор на средства за сите четири телевизии. Приходите кои ги оствариле по други основи (останати приходи, приходи од други дејности и вонредни приходи) имаат незначително мало учество.

Табела 8. Структура на приходите на сателитските телевизии

| | **износ** | **учество** |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 61.33 | 95.22% |
| Спонзорства | 0.00 | 0.00% |
| Продажба на содржини | 0.00 | 0.00% |
| Приходи од услуги обезбедени од трети страни | 0.00 | 0.00% |
| Останати приходи | 0.14 | 0.22% |
| **Приходи од основна дејност** | **61.47** | **95.44%** |
| Приходи од други дејности | 2.87 | 4.46% |
| Вонредни приходи | 0.07 | 0.10% |
| **Вкупно приходи** | **64.41** | **100.00%** |

87,41% од приходите од рекламирање на овие четири телевизии остварила ТВ 24 Вести – во вкупен износ од 53,61 милион денари. ТВ Наша остварила 9.05% (5,55 милиони денари), ТВ Канал 5 Плус 3,31% (2,03 милиони денари), а ТВ Сонце само 0,21%, односно 0,13 милиони денари).

**Слика 26. Приходи од реклами и телешопинг на сателитските телевизии во 2015, 2016 и 2017 година**




Приходи од платено политичко рекламирање за локалните избори во 2017 година прикажале само ТВ 24 Вести и тоа во износ од 5,47 милиони денари и Наша ТВ во износ од 0,17 милиони денари. Според податоците од мониторингот на АВМУ, ТВ 24 Вести емитувала платено политичко рекламирање во времетраење од 18 часа, 58 минути и 11 секунди (подолго отколку ТВ Канал 5 и ТВ Телма), а според податоците што самата телевизија ги достави во АВМУ, Наша ТВ емитувала 40 минути и 48 секунди.

Трошоците на сателитските телевизии изнесувале 116,56 милиони денари, што претставува 7,70% од вкупните трошоци на комерцијалните телевизии.

Помалку средства отколку во претходната година потрошиле ТВ Канал 5 Плус (за 42,64%) и ТВ Наша ТВ (за 37,85%), а ТВ 24 Вести и ТВ Сонце ги зголемиле своите трошоци и тоа за 79,13%, односно за 1,81%.

**Слика 27. Движење на вкупните трошоци на сателитските телевизии во последните пет години**



Трошоците на ТВ 24 Вести биле речиси двапати повисоки од трошоците на останатите три телевизии заедно.

Најголем дел од трошоците на сателитските телевизии биле за плати и надоместоци за лицата кои биле директно поврзани со производството на програмата (38,28%, односно 44,62 милиони денари). 84,69% од овој износ прикажала ТВ 24 Вести (37,79 милиони денари).

Табела 9. Структура на трошоците на сателитските телевизии

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 18.49 | 15.86% |
| Трошоци за набавка на програма | 10.07 | 8.64% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 4.00 | 3.43% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 44.62 | 38.28% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **77.19** | **66.22%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 4.20 | 3.60% |
| Амортизација на опремата | 4.40 | 3.77% |
| Амортизација на права и лиценци | 0.14 | 0.12% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 2.08 | 1.78% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 23.69 | 20.32% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **111.70** | **95.83%** |
| Расходи од други активности | 4.66 | 4.00% |
| Вонредни расходи | 0.20 | 0.17% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **116.56** | **100.00%** |

Материјалните трошоци изнесувале 18,49 милиони денари (15,86% од вкупните трошоци), а 76,10% од нив прикажала ТВ 24 Вести (14,07 милиони денари).

Процентуалното учество на сите останати неопфатени трошоци од работењето било 20,32%. Половина од нив е трошокот кој го направила ТВ 24 Вести 12,43 милиони денари (52,47%).

Сите четири телевизии оствариле негативен финансиски резулат, а најголема била загубата на ТВ 24 Вести во износ од 20,82 милиони денари.

Табела 10. Финансиски резултат на сателитските телевизии во последните пет години

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ 24 Вести | -26.77 | -17.1 | -17.21 | -9.61 | -20.82 |
| ТВ Канал 5 Плус | 7.8 | 16.38 | -5.24 | -11.74 | -5.76 |
| ТВ Наша ТВ | 10.81 | 1.85 | -9.73 | 6.87 | -7.25 |
| ТВ Сонце | -15.4 | -15.54 | -14.13 | -17.5 | -18.32 |
| | **-23.56** | **-14.41** | **-46.31** | **-31.98** | **-52.15** |

Во анализираната година во редовен работен однос во сателитските телевизии биле вработени 124 лица, што е за 14 лица повеќе од претходната година. Бројот на вработени се зголемил кај ТВ 24 Вести за 28 лица и кај ТВ Сонце за две лица. Намалување на вработените има кај ТВ Канал 5 Плус за 14 и кај ТВ Наша ТВ за две лица.

**Слика 28. Просечен број на вработени во редовен работен однос кај сателитските телевизии**




Вкупниот број на ангажирани лица кај сателитските телевизии, кој ги опфаќа лицата во редовен работен однос со полно работно време и лицата ангажирани врз основа на договор за дело и/или авторски договор, на 31.12.2017 година изнесувал 216. Според „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување", бројот и структурата на вработените лица за сателитските телевизии треба да биде најмалку 30, од кои 10 со висока стручна спрема, вработени како новинари. Според податоците што самиот радиодифузер ги достави, ТВ Канал 5 Плус не го исполнувала овој услов на 31.12.2017 година. На барање на Агенцијата оваа телевизија достави документи, врз основа на кои беше спроведен административен надзор и беше констатирано дека телевизијата ги исполнува минималните кадровски услови.

# ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ПРЕКУ ОЈКМ

Во 2017 година, програма на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа емитуваа четири телевизии. На почетокот од годината беше одземена дозволата на ТВ Арт[6] заради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од ЗАВМУ (неплатен надоместок во законски утврдениот рок), а беше доделена дозвола на ТВ Арт Чаннел[7].

Четирите телевизии - ТВ Компани 21-М, ТВ Шења, ТВ Нова и ТВ Арт Чаннел во анализираната година оствариле вкупни приходи во износ од 155,16 милиони денари, што претставува 10,92% од вкупните приходи на комерцијалните телевизии.

За разлика од останатиот дел од Анализата, каде што движењето на различните економски показатели е претставено за период од пет години, за овој сегмент од телевизиската индустрија анализирани се последните три години, поради тоа што дозвола за емитување програма на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа за прв пат беше доделена во 2015 година. ТВ Компани 21-М и ТВ Шења започнаа да емитуваат програма во ноември 2015 година, а ТВ Нова во февруари 2016 година.

Слика 29. Приходи на телевизиите на државно ниво преку ОЈКМ




Највисоки приходи остварила ТВ Нова во износ од 105,18 милиони денари што е за 18,81% повеќе од претходната година. ТВ Компани 21-М забележала приход од 37,29 милиони денари, односно 20,88% повеќе од 2016 година.

Пад на вкупните приходи за 46,83% споредбено со претходната година има кај ТВ Шења, која оваа година остварила приход од 8,88 милиони денари. Приходите на ТВ Арт Чаннел изнесувале 3,81 милиони денари.

[6] Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ Арт Артан ДОО Тетово УП1 бр.08-44 од 28.02.2017

[7] Одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на државно ниво УП1 бр.08-75 од 28.02.2017

Во структурата на приходите доминантно учество (96,81%) имаат остварените приходи од реклами и телешопинг.

Табела 11. Структура на приходите на телевизиите на државно ниво преку ОЈКМ

| | **износ** | **учество** |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 150.20 | 96.81% |
| Спонзорства | 0.00 | 0.00% |
| Продажба на содржини | 0.00 | 0.00% |
| Приходи од услуги обезбедени од трети страни | 0.00 | 0.00% |
| Останати приходи | 4.41 | 2.84% |
| **Приходи од основна дејност** | **154.61** | **99.65%** |
| Приходи од други дејности | 0.52 | 0.34% |
| Вонредни приходи | 0.03 | 0.02% |
| **Вкупно приходи** | **155.16** | **100%** |

Највисоки приходи од рекламирање остварила ТВ Нова (105,15 милиони денари, односно 70% од приходите од рекламирање на овој релевантен пазар. Позначајно учество има и ТВ Компани 21-М (21,80%) чии приходи од рекламирање изнесувале 32,74 милиони денари. Приходот од рекламирање на ТВ Шења изнесувал 8,51 милиони денари, а најмалку приходи остварила ТВ Арт Чаннел - 3,81 милиони денари.

**Слика 30. Удел во приходите од рекламирање на телевизиите на државно ниво преку ОЈКМ**




Покрај приходите од рекламирање, овие четири телевизии оствариле и приходи од категоријата "останати приходи", но со сосема мало учество од 2,84% во вкупните приходи.

Платено политичко рекламирање емитувале сите четири телевизии, а најмногу ТВ Нова - 38 часа, 26 минути и 54 секунди, што е повеќе отколку било која друга телевизија на државно ниво и за што остварила приходи во износ од 6,31 милиони денари.

ТВ Компани 21-М емитувала платено политичко рекламирање во времетрење од 7 часа, 16 минути, 46 секунди за што наплатила 2,69 милиони денари, а времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање кај останатите две телевизии било приближно исто, и тоа: кај ТВ Шења 6 часа, 56 минути, 2 секунди (остварениот приход изнесува 1,44 милиони денари), а кај ТВ Арт Чаннел 2 часа, 48 минути, 11 секунди (Агенцијата нема податок за приходите што по овој основ ги остварила оваа телевизија).

Трошоците на овие телевизии изнесувале 219,47 милиони денари, односно 14,50% од вкупните трошоци на комерцијалните телевизии.

Слика 31. Вкупни трошоци на телевизиите на државно ниво преку ОЈКМ




Речиси 90% од вкупните трошоци биле трошоците на само две телевизии -ТВ Компани 21-М во износ од 97,69 милиони денари и на ТВ Нова во износ од 94,33 милиони денари. ТВ Шења потрошила вкупно 20,31 милиони денари, а ТВ Арт Чаннел 7,14 милиони денари.

Од структурата на трошоците може да се забележи дека најмногу средства овие четири телевизии издвоиле за плати и други надоместоци на лица кои се директно поврзани со производство на програма во износ од 91,09 милиони денари (41,50%).

Најмногу средства за плати издвоила ТВ Нова во вкупен износ од 53,15 милиони денари, ТВ Компани 21-М 25,96 милиони денари, ТВ Шења 10,62 милиони денари и ТВ Арт Чаннел 1,37 милиони денари.

Трошоци за набавка на содржини прикажале само ТВ Компани 21-М (16,97 милиони денари) и ТВ Нова (9,46 милиони денари).

Табела 12. Структура на трошоците на телевизиите на  државно ниво преку ОЈКМ

| | **износ** | **учество** |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 10.90 | 4.97% |
| Трошоци за набавка на програма | 26.46 | 12.06% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 19.12 | 8.71% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 91.09 | 41.50% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **147.57** | **67.24%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 14.32 | 6.52% |
| Амортизација на опремата | 27.55 | 12.55% |
| Амортизација на права и лиценци | 0.00 | 0.00% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 8.28 | 3.77% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 20.19 | 9.20% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **217.91** | **99.29%** |
| Расходи од други активности | 1.17 | 0.53% |
| Вонредни расходи | 0.39 | 0.18% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **219.47** | **100%** |

Следна позначајна ставка во структурата на трошоците е амортизацијата на опрема. Трошок за амортизација на опрема прикажале само две телевизии: ТВ Компани 21-М (20,85 милиони денари) и ТВ Шења (6,71 милиони денари).

Учеството на "сите останати неопфатени трошоци од работењето" е 9,20% во вкупните трошоци на работењето на овие четири телевизии.

**Слика 32. Финансиски резултат од работењето на телевизиите на државно ниво преку ОЈКМ во последните три години**



Само една телевизија остварила позитивен финансиски резултат - ТВ Нова (10,32 милиони денари). Најлош финансиски резултат од работењето имала ТВ Компани 21-М (загуба од 60,40 милиони денари). Загубата на ТВ Шења изнесувала 11,44 милиони денари, а на ТВ Арт Чаннел 3,33 милиони денари.

Вкупниот број на вработени во редовен работен однос кај овие четири телевизии изнесувал 230 лица, од кои половина биле ангажирани во ТВ Нова (110 лица). Бројот на вработени споредбено со претходната година е намален за 27 лица, кога вкупниот просечен број бил 257 вработени.

**Слика 33. Просечен број на вработени во редовен работен однос кај телевизиите на државно ниво преку ОЈКМ**




На 31.12.2017 година кај овие четири телевизии биле ангажирани вкупно 318 лица (во редовен работен однос со полно работно време или врз основа на договор за дело и/или авторски договор). Сите четири телевизии ги исполнувале условите од „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување", според кој тие се должни да ангажираат најмалку 30 лица, од кои 10 со висока стручна спрема, вработени како новинари.

# ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Во текот на 2017 година програма на регионално ниво емитуваа вкупно 26 телевизии. Подолу се анализирани податоците за економското работење на 20 од нив, поради тоа што на крајот од 2017 година престанаа да важат дозволите на четири регионални телевизии (ТВ Ултра[8], ХДТВ Канал Плус[9], Регионална ТВ 02[10] и ТВ Мега[11]), а на почетокот од 2018 година престана да важи дозволата и на ТВ Канал 3[12]. Покрај тоа, на почетокот од 2018 година, Агенцијата ја одзема дозволата на ТВ Канал еден[13] поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (неплатен надоместок во законски утврдениот рок) и на ТВ Телеканал А1[14] поради неисполнување на минималните кадровски услови. Заради тоа, Агенцијата не располага со податоци за работењето овие телевизии, освен за ТВ Канал еден, којашто и покрај тоа што немаше дозвола, достави податоци за работењето во 2017 година.

ТВ Вижн-БМ првите седум месеци од годината емитуваше програма на регионално ниво, а од јули 2017 година продолжи да работи како локална телевизија на подрачјето на општина Долнени, Прилеп и Кривогаштани.

ТВ Топестрада два месеци емитуваше програма како локална телевизија, а од март 2017 година започна да емитува програма како регионална во регионот Д5-Пелистер.

Постојат значајни разлики помеѓу бројот на населението[15] - потенцијалната публика на телевизиите и бројот на активните деловни субјекти[16] - потенцијалните огласувачи на телевизиите, помеѓу регионите.

---

[8] Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје УП1 бр.08-476 од 22.12.2017 година

[9] Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје УП1 бр.08-473 од 22.12.2017 година

[10] Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје УП1 бр.08-475 од 22.12.2017

[11] Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ХДТВ МЕГА ДООЕЛ Скопје УП1 бр.08-474 од 22.12.2017

[12] Решение за бришење од регистарот на ридиодифузери на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар УП1 бр.08-5 од 05.01.2018 година

[13] Одлка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ЕДЕН ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Велес УП1 бр.08-50 од 22.02.2018 година

[14] Одлка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица УП1 бр.08-131 од 29.03.2018 година

[15] Податоците за бројот на населението се обезбедени од публикацијата „Процени на населението на 30.06.2015 и 31.12.2015 според полот и возраста, по општини и по статистички региони", што во јули 2016 година ја објави Државниот завод за статистика на Република Македонија. Публикацијата е достапна на веб страницата на ДЗС на следниот линк: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.10.pdf

[16] Податоците за бројот на активни деловни субјекти се преземени од Државниот завод за статистика и истите можат да се најдат на следниот линк: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__DelovniSubj__AktDelovniSubjekti/325_DelSub_Op_03AcDSbG_mk.px/?rxid=ce8c1c01-05da-4d52-9a42-1d38658e3bd0

Табела 13. Радиодифузни региони

| Радиодифузен регион | општини | Население (состојба на 31.12.2016) | Активни деловни субјекти (состојба на 31.12.2017) | Рег. ТВ |
|---|---|---|---|---|
| Д1-Скопје | Град Скопје, Сопиште, Арачиново, Зелениково, Чучер Сандево, Илинден, Петровец и Студеничани | 624,585 | 26,947 | 6 |
| Д1-Велес | Градско, Велес, Неготино, Чашка, Росоман, Кавадарци, Свети Николе, Демир Капија и Лозово | 152,571 | 5,383 | 2 |
| Д2-Страцин | Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце, Крива Паланка и Кратово | 176,169 | 4,084 | 2 |
| Д3-Туртел | Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Штип, Чешиново-Облешево, Карбинци, Зрновци, Виница, Делчево, Пехчево и Берово | 176,262 | 5,615 | 3 |
| Д4-Боскија | Струмица, Радовиш, Конче, Василево, Босилово, Ново Село, Дојран, Богданци, Валандово и Гевгелија | 173,545 | 5,970 | 3 |
| Д5-Пелистер | Битола, Прилеп, Новаци, Могила, Кривогаштани, Долнени, Крушево, Демир Хисар, Ресен, Кичево, Македонски Брод и Пласница | 298,067 | 9,723 | 2 |
| Д6-Мали Влај | Охрид, Струга, Вевчани и Дебарца | 123,709 | 4,988 | 2 |
| Д7-Стогово | Центар Жупа, Дебар и Маврово и Ростуша | 36,864 | 730 | 1 |
| Д8-Попова Шапка | Тетово, Гостивар, Боговише, Брвеница, Врапчиште, Желино, Јегуновце и Теарце | 311,930 | 7,979 | 5 |

Овие 20 регионални телевизии оствариле 7,20% од вкупните приходи на комерцијалните телевизии, во вкупен износ од 102,38 милиони денари.

**Слика 34. Движење на вкупните приходи на телевизиите на регионално ниво во последните пет години**




Забележливо повисоки приходи отколку во останатите региони биле остварени во регионот Д1-Скопје (40,78 милиони денари), а најниски во регионот Д6-Мали Влај (3,56 милиони

денари). Во 2017 година, во радиодифузниот регион Д7-Стогово програма емитуваше само ТВ Канал Три. На почетокот од 2018 година оваа телевизија престана да емитува програма (радиодифузерот се откажа од дозволата), поради што Агенцијата не располага со податоци за економското работење на истата.

**Слика 35. Вкупни приходи по радиодифузни региони**




Во структурата на приходите доминантно учество имаат приходите од продажба на времето за реклами и телешопинг (73,71%). Нивниот износ е 75,46 милиони денари. Веднаш зад нив се останатите приходи (19,88%), кои изнесуваат 20,36 милиони денари.

Табела 14. Структура на вкупните приходи по радиодифузни региони

| | **Д1-Скопје** | **Д1-Велес** | **Д2** | **Д3** | **Д4** | **Д5** | **Д6** | **Д8** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 22.63 | 10.27 | 7.95 | 11.90 | 6.01 | 2.09 | 3.04 | 11.57 |
| Спонзорства | 0.00 | 0.00 | 0.04 | 0.00 | 0.27 | 0.00 | 0.00 | 0.06 |
| Продажба на содржини | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 1.34 | 0.00 | 0.39 |
| Приходи од услуги обезбедени од трети страни | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.62 | 0.00 | 0.07 |
| Останати приходи | 18.02 | 0.24 | 0.00 | 0.00 | 0.83 | 0.95 | 0.13 | 0.18 |
| **Приходи од основна дејност** | **40.65** | **10.51** | **7.99** | **11.90** | **7.11** | **5.00** | **3.17** | **12.27** |
| Приходи од други дејности | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.22 | 0.00 | 2.82 | 0.30 | 0.00 |
| Вонредни приходи | 0.13 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.21 | 0.00 | 0.09 | 0.00 |
| **Вкупно приходи** | **40.78** | **10.51** | **7.99** | **12.12** | **7.32** | **7.83** | **3.56** | **12.27** |

Повеќе приходи отколку во претходната година оствариле само четири телевизии: ТВ Амазон (за 0,09 милиони денари), ТВ Ера (за 1,21 милиони денари) и ТВ МТМ (за 1,43 милиони денари) - сите три од скопскиот регион и една телевизија од регионот Д8 – ТВ Ускана (за 0,33 милиони денари).Останатите четиринаесет регионални телевизии во анализираната година ги намалиле приходите.

Табела 15. Вкупни приходи, приходи од реклами и удел во гледаноста на телевизиите на регионално ниво

| ТВ | вкупни приходи (во милиони денари) | | приходи од реклами (во милиони денари) | | удел во гледаноста во регионот | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 |
| ТВ СКОПЈЕ | 26.54 | 10.01 | 0.00 | 0.00 | 0.11% | 0.12% |
| ТВ ШУТЕЛ | 5.68 | 3.48 | 0.79 | 1.6 | 0.38% | 0.49% |
| ТВ МТМ | 6.53 | 7.96 | 1.29 | 4.31 | 0.61% | 0.55% |
| ТВ ЕРА | 12.97 | 14.18 | 11.90 | 11.96 | 1.39% | 1.20% |
| ТВ ЕДО | 4.00 | 2.64 | 3.34 | 2.25 | 2.10% | 1.62% |
| ТВ АМАЗОН | 2.42 | 2.51 | 0.00 | 2.5 | 0.08% | 0.15% |
| вкупно | 58.14 | 40.78 | 17.32 | 22.62 | | |
| ТВ КТВ | 3,3 | 3,09 | 3,29 | 3,03 | 2,66 | 3.52% |
| ТВ КАНАЛ ЕДЕН | 12,3 | 7,42 | 9,52 | 7,25 | 1,98 | 1.84% |
| вкупно | 15,6 | 10,51 | 12,81 | 10,28 | | |
| ТВ К ТРИ | 11,74 | 5,41 | 11,74 | 5,37 | 3,32% | 3,17% |
| ТВ СИТЕЛ 2 | 2,59 | 2,58 | 2,59 | 2,58 | 1,22% | 1,84% |
| вкупно | 14.33 | 7.99 | 14.33 | 7.95 | | |
| ТВ КАНАЛ ПЛУС | 13.46 | Н.п. | 13.26 | Н.п. | 1,25% | 0,93% |
| ТВ ИРИС | 4.91 | 3.72 | 4.69 | 3.55 | 2,99% | 2,80% |
| ТВ СТАР | 8.56 | 8.40 | 8.55 | 8.36 | 3,37% | 3,23% |
| вкупно | 26.93 | 12.12 | 26.5 | 11.91 | | |
| ТВ ВИС | 10.37 | 4.10 | 5.29 | 3.99 | 3.79% | 3.36% |
| ТЕЛЕКАНАЛ А1 | 8.65 | Н.п. | 8.62 | Н.п. | 1.49% | 1.32% |
| ТВ КОБРА | 3.79 | 3.23 | 3.64 | 2.01 | 1.66% | 1.42% |
| вкупно | 22.81 | 7.33 | 17.55 | 6.00 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ МЕГА | 16.21 | Н.п. | 14.43 | Н.п. | 1.08% | 1.27% |
| ТВ ТЕРА | 9.7 | 7.83 | 2.18 | 2.09 | 3.14% | 3.05% |
| ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА | 4.61 | Н.п. | 4.39 | Н.п. | 1.87% | 1.83% |
| вкупно | 30.52 | 7.83 | 21.00 | 2.09 | | |
| ТВ О2 | 4.39 | Н.п. | 4.39 | Н.п. | 4.09% | 3.55% |
| ТВМ | 4.99 | 3.56 | 4.52 | 3.04 | 2.14% | 3.26% |
| вкупно | 9.38 | 3.56 | 8.91 | 3.04 | | |
| ТВ Канал Три | 3.95 | Н.п. | 3.92 | Н.п. | 4.49% | 5.15% |
| ТВ КИСС | 4.57 | 3.58 | 4.57 | 3.58 | 2.28% | 2.47% |
| ТВ КОХА | 8.04 | 7.31 | 7.9 | 7.31 | 7.11% | 5.49% |
| ТВ УЛТРА | 4.63 | Н.п. | 4.63 | Н.п. | 0.62% | 1.08% |
| ТВ УСКАНА | 0.16 | 0.49 | 0.16 | 0.49 | 0.21% | 1.19% |
| ТВ ТОП ЕСТРАДА | - | 0.90 | - | 0.2 | - | 0.74% |
| вкупно | 17.4 | 12.28 | 17.26 | 11.58 | | |

Платено политичко рекламирање не емитувале само четири регионални телевизии: ТВ Амазон, ТВ Скопје, ТВ Сител 2 и ТВ Топестрада.

ТВ Стар емитувала најдолго (10 часа, 39 минути и 6 секунди) и воедно остварила и најмногу приходи од рекламирањето (2,90 милиони денари). ТВ МТМ емитувала 8 часа, 57 минути и 58 секунди и остварила приход од 0,72 милиони денари и ТВ Едо (8 часа, 28 минути и 6 секунди) за што остварила приход во износ од 0,46 милиони денари.

Од емитување платено политичко рекламирање приход оствариле и ТВ Кисс - 1,18 милиони денари (за 5 часа, 47 минути и 30 секунди), ТВ М - 1,07 милиони денари (за 3 часа, 32 минути и 42 секунди) и ТВ Ера - 1,01 милион денари (за 5 часа, 49 минути и 44 секунди).

**Слика 36. Приходи од рекламирање на телевизиите на регионално ниво во 2016 и 2017 година**




Учеството на трошоците на регионалните телевизии во вкупните трошоци на комерцијалните телевизии изнесувало 7,85%.

**Слика 37. Вкупни трошоци по радиодифузни региони**



Реализираните трошоци на регионалните телевизии за 2017 година изнесувале 118,76 милиони денари.

Табела 16. Вкупни трошоци на телевизиите на регионално ниво во последните пет години

| регион | тв | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Д1-Црн Врв/Скопје | ТВ Амазон | 1.85 | 2.40 | 0.79 | 3.52 | 3.52 |
| | ТВ Едо | 4.02 | 3.82 | 4.46 | 3.72 | 3.86 |
| | ТВ Ера | 23.72 | 18.48 | 13.88 | 12.82 | 16.06 |
| | ТВ МТМ | 10.71 | 7.64 | 6.65 | 6.40 | 7.50 |
| | ТВ Скопје | 37.08 | 35.40 | 24.63 | 31.22 | 11.23 |
| | ТВ Шутел | 1.63 | 2.44 | 2.91 | 5.22 | 3.33 |
| Д1-Црн Врв/Велес | ТВ КТВ | 5.37 | 5.93 | 4.43 | 3.85 | 3.14 |
| | ТВ Канал еден | 5.64 | 10.60 | 16.08 | 14.53 | 10.15 |
| Д2-Страцин | ТВ К Три | 3.58 | 8.61 | 24.21 | 10.69 | 9.07 |
| | ТВ Сител 2 | 1.37 | 2.62 | 3.63 | 2.73 | 2.74 |
| Д3-Туртел | ХДТВ Канал Плус | 3.21 | 7.87 | 18.98 | 20.09 | нп |
| | ТВ Ирис | 7.50 | 6.76 | 6.32 | 5.18 | 4.93 |
| | ТВ Стар | 7.78 | 7.94 | 7.30 | 8.42 | 8.27 |
| Д4-Боскија | ТВ Вис | 5.50 | 8.27 | 5.54 | 10.30 | 4.07 |
| | ТВ Телеканал А1 | 3.28 | 11.42 | 18.53 | 18.62 | нп |
| | ТВ Кобра | 2.75 | 3.19 | 3.28 | 3.68 | 3.13 |
| Д5-Пелистер | ТВ Тера | - | - | 13.75 | 8.81 | 9.21 |
| | ХДТВ Мега | 6.50 | 22.74 | 20.09 | 21.79 | нп |
| | ТВ Вижн-БМ | 4.76 | 5.85 | 4.13 | 4.59 | нп |
| Д6-Мали Влај | Регионална ТВ 02 | 1.76 | 10.06 | 15.41 | 9.49 | нп |
| | ТВ М | - | - | 6.41 | 6.27 | 5.06 |
| Д7-Стогово | ТВ Канал три | 4.43 | 9.79 | 13.07 | 11.67 | нп |
| Д8-Попова Шапка | ТВ Кисс | 8.11 | 6.85 | 5.54 | 5.64 | 5.27 |
| | ТВ Коха | 5.19 | 7.30 | 4.66 | 6.75 | 6.34 |
| | ТВ Ултра | 4.64 | 11.72 | 13.61 | 10.32 | нп |
| | ТВ Ускана еден | - | - | - | 0.53 | 0.71 |
| | ТВ Топестрада | - | - | - | - | 1.20 |

Гледано по радиодифузни региони, најмногу од вкупните средства (38,31%) потрошиле телевизиите во регионот Д1-Скопје, во вкупен износ од 45,5 милиони денари.

Највисоки трошоци направиле ТВ Ера (16,06 милиони денари), ТВ Скопје (11,23 милиони денари) и ТВ канал еден (10,15 милиони денари), а најмалку средства потрошила ТВ Ускана 1 (0,71 милион денари).

Од структурата на трошоците може да се забележи дека сите регионални телевизии најмногу средства одвоиле за плати и други надоместоци за лица кои се директно поврзани со производство на програма. Најмногу средства за овој вид трошок издвоила ТВ Ера (6,07 милиони денари).

Табела 17. Структура на вкупните трошоци по радиодифузни региони

| | Д1-Скопје | Д1-Велес | Д2 | Д3 | Д4 | Д5 | Д6 | Д8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Материјални трошоци | 1.55 | 1.20 | 0.00 | 1.13 | 0.51 | 0.43 | 1.03 | 3.98 |
| Трошоци за набавка на содржини | 6.22 | 0.99 | 1.15 | 0.90 | 0.15 | 1.19 | 0.21 | 0.00 |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 4.98 | 1.30 | 0.85 | 1.25 | 1.52 | 0.46 | 0.59 | 0.35 |
| Плати и други надоместоци за лица директно поврзани со производство на програма | 16.42 | 5.13 | 3.89 | 6.14 | 3.10 | 2.88 | 2.82 | 3.93 |
| **Директни трошоци за создавање програма** | **29.17** | **8.62** | **5.89** | **9.42** | **5.28** | **4.96** | **4.66** | **8.26** |
| Плати и други надоместоци за лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 0.00 | 1.05 | 1.57 | 0.00 | 0.72 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Амортизација на опремата | 5.26 | 2.82 | 1.99 | 0.49 | 0.35 | 3.77 | 0.00 | 1.26 |
| Амортизација на права и лиценци | 2.97 | 0.23 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Кирии и останати режиски трошоци | 1.58 | 0.04 | 1.68 | 1.95 | 0.00 | 0.02 | 0.00 | 0.00 |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 5.57 | 0.49 | 0.52 | 1.12 | 0.78 | 0.33 | 0.31 | 3.85 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **44.55** | **13.25** | **11.66** | **12.98** | **7.13** | **9.08** | **4.97** | **13.37** |
| Расходи од други активности | 0.76 | 0.04 | 0.15 | 0.22 | 0.06 | 0.00 | 0.10 | 0.14 |
| Вонредни расходи | 0.16 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.13 | 0.00 | 0.00 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **45.47** | **13.29** | **11.81** | **13.20** | **7.19** | **9.21** | **5.06** | **13.51** |

Освен во регионот Д4, во сите останати радиодифузни региони резултатот од работењето бил загуба.

**Слика 38. Финансиски резултат од работењето по радиодифузни региони**




Во 2017 година најдобар финансиски резултат остварила ТВ Коха (добивка од 0,87 милиони денари), а најлош ТВ К Три (загуба од 3,66 милиони денари).

Табела 18. Финансиски резултат од работењето на телевизиите на регионално ниво

| регион | тв | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Д1-Црн Врв/Скопје | ТВ Амазон | -0.28 | 0.00 | -0.41 | -1.13 | -1.01 |
| | ТВ Едо | 0.35 | 0.04 | 0.05 | 0.28 | -1.22 |
| | ТВ Ера | -5.48 | 0.64 | -1.87 | 0.15 | -1.89 |
| | ТВ МТМ | -4.60 | -3.01 | 0.94 | 0.11 | 0.41 |
| | ТВ Скопје | - | -15.98 | -13.54 | -4.58 | -1.22 |
| | ТВ Шутел | 0.06 | 0.04 | 0.03 | 0.41 | 0.11 |
| Д1-Црн Врв/Велес | ТВ КТВ | 0.10 | -2.11 | -1.43 | -0.58 | -0.08 |
| | ТВ Канал еден | 5.68 | 11.94 | 5.11 | -2.23 | -2.74 |
| Д2-Страцин | ТВ К Три | 7.52 | 11.56 | 1.32 | 0.97 | -3.66 |
| | ТВ Сител 2 | -1.37 | -0.85 | -0.98 | -0.14 | -0.15 |
| Д3-Туртел | ХДТВ Канал Плус | 8.51 | 9.97 | 3.53 | -6.62 | нп |
| | ТВ Ирис | -0.60 | 0.04 | -1.32 | -0.28 | -1.21 |
| | ТВ Стар | 0.41 | 0.00 | 0.05 | 0.06 | 0.07 |
| Д4-Боскија | ТВ Вис | 0.05 | 0.17 | 0.05 | 0.03 | 0.01 |
| | ТВ Телеканал А1 | 7.08 | 11.78 | -2.35 | -9.97 | нп |
| | ТВ Кобра | 0.28 | 0.08 | 0.003 | 0.09 | 0.09 |
| Д5-Пелистер | ТВ Тера | - | - | -1.17 | 0.74 | -1.38 |
| | ХДТВ Мега | 3.05 | 4.21 | 2.36 | -5.59 | нп |
| | ТВ Вижн-БМ | 0.12 | 0.15 | 0.10 | 0.02 | нп |
| Д6-Мали Влај | ТВ Регионална 02 | 11.67 | 11.86 | 0.08 | -5.10 | нп |
| | ТВ М | - | - | -1.89 | -1.28 | -1.51 |
| Д7-Стогово | ТВ Канал три | 4.75 | 9.90 | 0.04 | -7.72 | нп |
| Д8-Попова Шапка | ТВ Кисс | -0.68 | -0.32 | -1.10 | -1.09 | -1.71 |
| | ТВ Коха | 1.55 | 1.78 | 0.12 | 1.29 | 0.87 |
| | ТВ Ултра | 7.39 | 17.24 | 0.90 | -5.69 | нп |
| | ТВ Ускана еден | - | - | - | -0.37 | -0.22 |
| | ТВ Топестрада | - | - | - | - | -0.29 |

Просечниот број на вработени во редовен работен однос во 2017 година бил 192 лица. Најголем број на вработени имало во ТВ Ера (36 лица), а најмалку во ТВ Шутел и ТВ Ускана еден (по едно лице).

Согласно „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување“ бројот и структурата на вработените лица за телевизија на регионално ниво, со исклучок на регионот Д7, треба да биде најмалку десет, од кои пет со висока стручна спрема, вработени како новинари. Согласно овој Правилник, како вработени лица се сметаат лицата во редовен работен однос со полно работно време кај радиодифузерот и лицата ангажирани врз основа на договор за дело и/или авторски договор.

Во текот на 2018 година, поради неисполнување на овој услов беше одземена дозволата на ТВ Телеканал А1[17], откако по претходно барање од Агенцијата радиодифузерот не

[17] Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица УП1 бр.08-131 од 29.03.2018 година

достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови.

Исти такви барања беа доставени до уште шест регионални тлевизии (ТВ Скопје, ТВ Шутел, ТВ Сител 2, ТВ Тера, ТВ М и ТВ Топестрада), но сите тие доставија документи од коишто беше констатирано дека ги исполнуваат минималните кадровски услови.

Табела 19. Просечен број на вработени во редовен работен однос кај телевизиите на регионално ниво

| тв | број на вработени 2016 | број на вработени 2017 | тв | број на вработени 2016 | број на вработени 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Амазон | 5 | 5 | ТВ Телеканал А1 | 32 | н.п. |
| ТВ Едо | 6 | 6 | ТВ Кобра | 6 | 6 |
| ТВ Ера | 16 | 36 | ТВ Тера | 14 | 14 |
| ТВ МТМ | 9 | 9 | ХДТВ Мега | 18 | н.п. |
| ТВ Скопје | 8 | 8 | ТВ Вижн-БМ | 11 | н.п. |
| ТВ Шутел | 5 | 1 | РЕГИОНАЛНА ТВ 02 | 23 | н.п. |
| ТВ КТВ | 8 | 7 | ТВ М | 13 | 11 |
| ТВ Канал еден | 25 | 15 | ТВ Канал три | 15 | н.п. |
| ТВ К Три | 21 | 10 | ТВ Кисс | 11 | 10 |
| ТВ Сител 2 | 8 | 7 | ТВ Коха | 10 | 10 |
| ХДТВ Канал Плус | 17 | н.п | ТВ Ултра | 21 | н.п. |
| ТВ Ирис | 12 | 12 | ТВ Ускана еден | 0 | 1 |
| ТВ Стар | 10 | 9 | ТВ Топестрада | - | 3 |
| ТВ Вис | 12 | 12 | **Вкупно** | **336** | **192** |

# ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО

На почетокот од 2017 година, телевизиска програма на локално ниво емитуваа 23 телевизии. Во јули 2017 година ТВ Вижн БМ[18] од регионално премина на локално ниво и започна да емитува програма на подрачјето на Долнени, Кривогаштани и Прилеп, а ТВ Топестрада во март истата година премина од локално на регионално ниво. Во јануари 2018 година престана да важи дозволата на ТВ Лажани[19], а во март беше одземена дозволата на ТВ Интел[20] поради неисполнивање на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (неплатен надоместок во законски утврдениот рок). Според тоа во анализата се обработени податоците за 21 локална телевизија.

Локалните телевизии оствариле вкупни приходи во износ од 27,48 милиони денари, односно само 1,93% од вкупните приходи на комерцијалните телевизии.

Во споредба со претходната година приходите се намалени за 27,80%.

Табела 20. Вкупни приходи на телевизиите на локално ниво во последните пет години

| ТВ | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Феста | 1.42 | 2.28 | 0.55 | 1.34 | 0.37 |
| ТВ Хана | 1.08 | 1.28 | 0.69 | 0.85 | 0.30 |
| ТВ Нова (Гевгелија) | 1.65 | 2.01 | 1.20 | 1.49 | 0.96 |
| ТВ Кочани-ЛД | 2.94 | 2.61 | 2.81 | 2.14 | 2.24 |
| ТВ Канал 8 | 1.94 | 2.87 | 2.16 | 1.61 | 1.66 |
| ТВ Протел | 2.28 | 1.71 | 1.77 | 1.68 | 1.31 |
| ТВ Интел | 4.42 | 3.67 | 2.94 | 2.95 | нп |
| ТВ Канал 21 | 2.94 | 2.57 | 1.85 | 1.61 | 0.67 |
| ТВ Здравкин | 3.69 | 2.37 | 2.07 | 1.09 | 0.02 |
| ТВ Свет | 2.05 | 1.85 | 1.32 | 1.25 | 0.63 |
| ТВ Лажани | 0.29 | 0.52 | 0.61 | 0.81 | нп |
| ТВ Вижн БМ | - | - | - | - | 4.56 |
| ТВ Орбис | 10.51 | 10.20 | 9.22 | 7.65 | 5.36 |
| ТВ Морис | 0.76 | 0.90 | 0.53 | 0.57 | 0.65 |
| ТВ Калтрина | 0.85 | 1.27 | 0.77 | 0.88 | 0.22 |
| ТВ Спектра | 1.34 | 1.63 | 0.85 | 1.25 | 0.61 |
| ТВ Дибра | 0.59 | 0.96 | 0.41 | 0.93 | 0.87 |
| ТВ Гурра | 0.97 | 1.16 | 1.04 | 2.30 | 0.80 |
| ТВ Аниса | 1.20 | 1.45 | 0.42 | 0.60 | 0.09 |
| ТВ Дуе | 1.26 | 1.46 | 1.52 | 1.39 | 1.23 |
| Г-ТВ | 0.19 | 0.86 | 1.33 | 1.47 | 1.05 |
| ТВ Плус | - | - | 1.11 | 3.21 | 3.15 |
| ТВ Топестрада | - | - | - | 0.12 | - |
| ТВ Ускана медиа | - | - | - | 0.88 | 0.74 |

[18] Одлука за доделување на телевизиско емитување преку јавна комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на локално ниво УП1 бр.08-285 од 28.07.2017 година
[19] Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени УП1 бр.08-16 од 24.01.2018 година
[20] Одлка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ИНТЕЛ ДОО Струмица УП1 бр.08-101 од 21.03.2017 година

Во 2017 година највисоки приходи остварила ТВ Орбис (5,36 милиони денари) , а најмалку ТВ Здравкин (0,02 милиони денари). Зголемување на приходите во споредба со претходната година прикажале само три телевизии (ТВ Кочани-ЛД, ТВ Канал 8 и ТВ Морис), а останатите 17 оствариле помалку приходи.

Најзначаен извор на приходи за локалните телевизии била продажбата на времето за рекламирање (91,74% од вкупните приходи биле остварени од рекламирање). Од овие пак, 21,18% претставуваат приходите од рекламирање коишто ги прикажала ТВ Орбис од Битола (5,34 милиони денари). Најмало е учеството на ТВ Здравкин од Велес (0,08%) со само 0,02 милиони денари приход од рекламирање.

**Слика 39. Приходи од реклами на телевизиите на локално ниво во 2016 и 2017 година**



Најмногу приходи од платено политичко рекламирање прикажала Г-ТВ од Гостивар (0,35 милиони денари), а најмалку ТВ Свет (0,01 милиони денари).

Табела 21. Структура на вкупните приходи на телевизиите на локално ниво

| Скратен назив на радиодифузерите | **износ** | **учество** |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 25.21 | 91.74% |
| Спонзорства | 0.00 | 0.00% |
| Продажба на содржини | 0.42 | 1.53% |
| Приходи од услуги обезбедени од трети страни | 0.00 | 0.00% |
| Останати приходи | 1.73 | 6.30% |
| **Приходи од основна дејност** | **27.36** | **99.56%** |
| Приходи од други дејности | 0.01 | 0.04% |
| Вонредни приходи | 0.11 | 0.40% |
| **Вкупно приходи** | **27.48** | **100.00%** |

Трошоците на локалните телевизии во вкупните трошоци на комерцијалните телевизии учествувале со 2,13%. Вкупните трошоците кои што ги направиле локалните телевизии во анализираната година изнесувале вкупно 32,25 милиони денари.

Табела 22. Вкупни трошоци на телевизиите на локално ниво во последните пет години

| **тв** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Феста | 0.68 | 1.02 | 1.10 | 2.46 | 0.55 |
| ТВ Хана | 1.57 | 1.34 | 1.07 | 0.80 | 0.64 |
| ТВ Нова (Гевгелија) | 1.75 | 1.85 | 1.48 | 0.95 | 1.03 |
| ТВ Кочани-ЛД | 2.89 | 2.58 | 2.80 | 2.13 | 2.40 |
| ТВ Канал 8 | 1.92 | 2.86 | 2.05 | 1.55 | 1.52 |
| ТВ Протел | 2.22 | 2.51 | 1.86 | 1.67 | 1.87 |
| ТВ Интел | 2.60 | 3.07 | 4.64 | 2.34 | - |
| ТВ Канал 21 | 2.77 | 2.47 | 1.84 | 1.60 | 1.00 |
| ТВ Здравкин | 3.64 | 2.35 | 2.07 | 1.06 | 0.62 |
| ТВ Свет | 1.69 | 1.97 | 1.63 | 1.48 | 1.10 |
| ТВ Лажани | 0.37 | 0.53 | 0.92 | 0.60 | - |
| ТВ Вижн БМ | - | - | - | - | 4.55 |
| ТВ Орбис | 8.75 | 8.44 | 8.92 | 7.35 | 5.40 |
| ТВ Морис | 1.18 | 0.48 | 0.30 | 0.00 | 0.07 |
| ТВ Калтрина | 1.47 | 1.28 | 1.19 | 1.14 | 1.77 |
| ТВ Спектра | 0.92 | 1.22 | 1.11 | 0.93 | 1.06 |
| ТВ Дибра | 0.66 | 0.62 | 0.71 | 1.08 | 0.89 |
| ТВ Гурра | 0.91 | 0.95 | 1.80 | 1.75 | 1.15 |
| ТВ Аниса | 0.88 | 1.68 | 0.85 | 0.69 | 0.44 |
| ТВ Дуе | 1.33 | 1.31 | 1.07 | 1.16 | 1.17 |
| Г-ТВ | 0.47 | 0.83 | 1.22 | 1.34 | 1.04 |
| ТВ Плус | - | - | 1.57 | 2.79 | 3.08 |
| ТВ Ускана медиа | - | - | - | 0.08 | 0.89 |

Како и приходите, така и трошоците бележат пад во 2017 година. Тие се за 8,33% пониски од трошоците во претходната година. Највисоки трошоци направила ТВ Орбис (5,40 милиони денари), а најниски ТВ Морис (0,07 милиони денари).

Единаесет од телевизиите ги намалиле трошоците од работењето во споредба со претходната година (ТВ Феста, ТВ Канал 21, ТВ Здравкин, ТВ Свет, Г-ТВ, ТВ Аниса, ТВ

Дибра, ТВ Хана, ТВ Канал 8, ТВ Гурра и ТВ Орбис), а останатите ги зголемиле трошоците (ТВ Дуе, ТВ Морис, ТВ Нова, ТВ Спектра, ТВ Протел, ТВ Кочани-ЛД, ТВ Плус, ТВ Калтрина и ТВ Ускана).

Речиси половина од вкупните трошоци (45,56%), биле за плати и други надоместоци за лица кои се директно поврзани со производството на програмата. Најмногу средства за оваа намена издвоила ТВ Плус (2,45 милиони денари), а најмалку ТВ Канал 21 (0,07 милиони денари). Три телевизии воопшто не издвоиле средства за оваа намена.

Позначајно учество во структурата на трошоците на локалните телевизии имаат и трошоците од категоријата „сите останати неопфатени трошоци од работењето" (20,44%).

Само четири телевизии издвоиле средства за набавка на програма - ТВ Хана, ТВ Нова, ТВ Здравкин и ТВ Вижн, во вкупен износ од 0,80 милиони денари.

Табела 23. Структура на вкупните трошоци на телевизиите на локално ниво

| | **износ** | **учество** |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 2.47 | 7.66% |
| Трошоци за набавка на содржини | 0.80 | 2.49% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 2.82 | 8.75% |
| Плати и други надоместоци за лица директно поврзани со производство на програма | 14.69 | 45.56% |
| **Директни трошоци за создавање програма** | **20.78** | **64.46%** |
| Плати и други надоместоци за лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 0.44 | 1.36% |
| Амортизација на опремата | 2.00 | 6.20% |
| Амортизација на права и лиценци | 0.19 | 0.58% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 1.20 | 3.73% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 6.59 | 20.44% |
| **Вкупно трошоци од работењето** | **31.20** | **96.78%** |
| Расходи од други активности | 0.98 | 3.04% |
| Вонредни расходи | 0.06 | 0.18% |
| **Вкупно трошоци од работењето** | **32.24** | **100.00%** |

Финансискиот резултат од работењето на локалните телевизии била загуба во износ од 4,62 милиони денари. Шест телевизии оствариле позитивен финансиски резултат, а петнаесет негативен. Најдобар финансиски резултат прикажала ТВ Морис (добивка од 0,58 милиони денари), а најлош ТВ Калтрина (загуба од 1,55 милиони денари).

Просечниот број на вработени во редовен работен однос кај локалните телевизии изнесувал 74 лица. Најмногу вработени имало во ТВ Вижн БМ (11 вработени), а најмалку во ТВ Феста, ТВ Хана, ТВ Здравкин, ТВ Морис и ТВ Аниса, по еден вработен. Бројот на вработени во претходната година бил поголем за три лица.

Табела 24. Просечен број на вработени во редовен работен однос кај на телевизиите на локално ниво

| **ТВ** | **број на вработени 2016** | **број на вработени 2017** | **ТВ** | **број на вработени 2016** | **број на вработени 2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Феста | 1 | 1 | ТВ Морис | 1 | 1 |
| ТВ Хана | 1 | 1 | ТВ Калтрина | 4 | 3 |
| ТВ Нова (Гевгелија) | 3 | 3 | ТВ Спектра | 5 | 5 |
| ТВ Кочани-ЛД | 4 | 4 | ТВ Дибра | 5 | 5 |
| ТВ Канал 8 | 4 | 4 | ТВ Гурра | 3 | 2 |
| ТВ Протел | 3 | 3 | ТВ Аниса | 2 | 1 |
| ТВ Интел | 3 | - | ТВ Дуе | 4 | 4 |
| ТВ Канал 21 | 3 | 3 | Г-ТВ | 4 | 4 |
| ТВ Здравкин | 2 | 1 | ТВ Плус | 12 | 9 |
| ТВ Свет | 3 | 2 | ТВ Топестрада | 2 | - |
| ТВ Вижн БМ | - | 11 | ТВ Ускана медиа | нп | 2 |
| ТВ Лажани | 2 | - | | | |
| ТВ Орбис | 6 | 5 | **Вкупно** | **77** | **74** |

На 31.12.2017 година, вкупниот број на вработени (во редовен работен однос со полно работно време или врз основа на договор за дело и/или авторски договор) кај локалните телевизии изнесувал 139 лица. Агенцијата констатираше дека на 31.12.2017 година, вкупно 11 локални телевизии (ТВ Нова, ТВ Кочани-ЛД, ТВ Канал 21, ТВ Здравкин, ТВ Свет, ТВ Калтрина, ТВ Спектра, ТВ Дибра, ТВ Аниса, Г-ТВ и ТВ Плус) не го исполнувале минималниот услов да ангажираат најмалку пет лица, од кои три треба да се новинари со висока стручна спрема, утврден во „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување". По претходно барање од Агенцијата, сите 11 телевизии доставија документи врз основа на кои беше спроведен административен надзор со кој беше утврдено дека нема прекршувања на оваа законска обврска.

# КОМЕРЦИЈАЛНИ РАДИОСТАНИЦИ

## РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО

Во 2017 година радиопрограма на државно ниво емитуваа четири радостаници (РА Антена 5, РА Канал 77, РА Метрополис и РА Слободна Македонија).

Учеството на приходите на овие четири радиостаници во вкупните приходи на комерцијалните радија изнесувало 42,37%.

Вкупните приходи што заеднички ги оствариле овие четири субјекти изнесувале 63,57 милиони денари. Ова се најниски приходи во периодот од последните пет години.

Сите четири радија оствариле помалку приходи отколку во претходната година и тоа, РА Антена 5 за 3,01%, РА Канал 77 за 6,78%, РА Метрополис за 2,22% и РА Слободна Македонија за 65,27%.

Слика 40. Вкупни приходи на радиостаниците на државно ниво во последните пет години




Во последните пет години најповолна година за РА Антена 5 била 2013 година со приход од 29,33 милиони денари. За РА Метрополис и РА Слободна Македонија тоа била 2015 година со реализирани приходи од 6,58 милиони денари, односно 29,34 милиони денари, а РА Канал 77 најмногу приходи остварила во 2016 година (26,86 милиони денари).

Подолу е прикажано движењето на вкупните приходи на овие четири радиостаници за период од пет години.

**Слика 41. Движење на вкупните приходи на радиостаниците на државно ниво во последните пет години**




Доминантно учеството во структурата на вкупните приходи имале приходите од продажба на времето за рекламирање (61,19%). РА Антена 5 од реклами остварила 99,43% од приходите, а РА Слободна Македонија 96,09%. Кај РА Канал 77 од реклами биле остварени 14,94% од вкупните приходи на оваа радиостаница, а кај РА Метрополис 28,21%.

Табела 25. Структура на приходи на радиостаниците на државно ниво

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 38.90 | 61.19% |
| Спонзорства | 0.00 | 0.00% |
| Продажба на содржини | 5.60 | 8.82% |
| Приходи обезбедени од трети страни | 5.90 | 9.29% |
| Останати приходи | 13.07 | 20.56% |
| **Приходи од основна дејност** | **63.48** | **99.86%** |
| Приходи од други дејности | 0.09 | 0.14% |
| Вонредни приходи | 0.00 | 0.00% |
| **Вкупни приходи** | **63.57** | **100.00%** |

Позначајно учество во структурата имаат и „останатите приходи", категорија во која се вклучени приходите од отпис на обврски, донации, приходи од продажба на стоки и други услуги. Нивното учество во структурата на приходите е 20,56% или 13,07 милиони денари. Сите четири радиостаници прикажале приход по овој основ, но најголемиот дел (95,78%) припаѓа на РА Канал 77.

Анализирајќи ги приходите од реклами, се забележува дека РА Антена 5 најдобро успеала да го продаде своето време за рекламирање со реализиран приход од 24,68 милиони денари. Веднаш зад неа е РА Слободна Македонија со приход од 9,35 милиони денари, а

најмалку заработиле РА Канал 77 (3,74 милиони денари) и РА Метрополис (1,12 милиони денари).

**Слика 42. Удел на приходите од рекламирање на радиостаниците на државно ниво**




Трошоците на овие четири радиостаници изнесувале 73,78 милиони денари. Во периодот од последните пет години, само во 2013 година тие потрошиле помалку средства.

**Слика 43. Вкупни трошоци на радиостаниците на државно ниво во последните пет години**




Сите четири радиостаници прикажале пониски трошоци отколку во 2016 година.Трошоците на РА Слободна Македонија се намалиле за 37,15%, на РА Рос Метрополис за 23,78%, на РА Канал 77 за 6,02% и на РА Антена 5 за 4,65%.

Највисоки трошоци во анализираната година имале РА Антена 5 и РА Канал 77 со приближно ист износ, 24,17 милиони денари, односно 24,84 милиони денари. РА Слободна Македонија потрошила 19 милиони денари, додека РА Рос Метрополис од своите средства издвоила скоро четири пати помаку, односно  5,76 милиони денари.

**Слика 44. Движење на вкупните трошоци на радиостаниците на државно ниво во последните пет години**




Трошок кој преовладува во структурата на трошоците од работењето е трошокот за плати и надоместоци за лица кои се директно поврзани со производство на програмата. Најмногу средства за оваа намена издвоила РА Слободна Македонија (6,68 милиони денари). За истата намена РА Антена 5 потрошила 5,17 милиони денари, а РА Канал 77 и РА Рос Метрополис приближно ист износ, 2,30 милиони денари, односно 2,02 милиони денари.

Табела 26. Структура на трошоците на радиостаниците на државно ниво

| | **износ** | **учество** |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 5.13 | 6.95% |
| Трошоци за набавка на програма | 1.58 | 2.14% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 7.06 | 9.57% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 16.18 | 21.93% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **29.95** | **40.59%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 2.23 | 3.02% |
| Амортизација на опремата | 14.69 | 19.91% |
| Амортизација на права и лиценци | 0.00 | 0.00% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 15.28 | 20.71% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 11.30 | 15.31% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **73.44** | **99.54%** |
| Расходи од други активности | 0.34 | 0.46% |
| Вонредни расходи | 0.00 | 0.00% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **73.78** | **100.00%** |

За кирии и останати режиски трошоци радијата издвоиле 15,28 милиони денари, и тоа РА Антена 5 (2,73 милиони денари), РА Канал 77 (7,26 милиони денари) и РА Слободна

Македонија (5,29 милиони денари). РА Метрополис не прикажала трошок по овој основ во анализираната година.

Годината со позитивен финансиски резултат ја завршиле РА Антена 5 (0,17 милиони денари) и РА Канал 77 (0,19 милиони денари). Другите две радиостаници работеле со загуба, и тоа РА Метрополис загуба од 1,79 милиони денари, а РА Слободна Македонија загуба од 9,28 милиони денари). Во периодот од последните пет години само РА Канал 77 секоја година остварувала со добивка.

Табела 27. Финансиски резултат од работењето на радиостаниците на државно ниво во последните пет години

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| РА Антена 5 | -0.05 | -5.00 | 0.51 | -0.2 | 0.17 |
| РА Канал 77 | 0.53 | 0.29 | 0.37 | 0.29 | 0.19 |
| РА Метрополис | 0.25 | -1.24 | 0.04 | -3.51 | -1.79 |
| РА Слободна Македонија | 12.52 | 0.3 | 2.57 | -2.21 | -9.28 |

Просечниот број на вработени во редовен работен однос, кај овие четири радиостаници во 2017 година изнесувал 32 лица, што е за шестнаесет помалку од претходната година.

Табела 28. Просечен број на вработени во редовен работен однос кај радиостаниците на државно ниво

| | | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|
| 1 | РА Антена 5 | 13 | 15 |
| 2 | РА Канал 77 | 11 | 11 |
| 3 | РА Метрополис | 11 | 1 |
| 4 | РА Слободна Македонија | 13 | 5 |
| | **Вкупно** | **48** | **32** |

Намалувањето се должи на намалениот број на вработените во РА Слободна Македонија за осум лица и во РА Метрополис за 10 лица. Бројот на вработените во РА Антена 5 се зголемил за две лица, а во РА Канал 77 останал ист како и во претходната година.

На 31.12.2017 година, вкупниот број на ангажирани лица (во редовен работен однос со полно работно време или врз основа на договор за дело и/или авторски договор) кај четирите радиостаници изнесувал 74 лица.

Во мај 2018 година, поради неисполнување на минималните кадровски услови утврдени во „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување", Агенцијата ја одземе дозволата на РА Слободна Македонија[21].

[21] Одлука за одземање на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Слободна мадонија ДООЕЛ Скопје бр.08-260 од 17.05.2018 година.

# РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Во текот на цела 2017 година радиопрограма на регионално ниво емитуваа 17 радиостаници. Тие оствариле 34,67% од вкупните приходи на комерцијалните радиостаници.

**Слика 45. Движење на вкупни приходи на радиостаниците на регионално ниво во последните пет години**




Приходот кој тие го оствариле на крајот на годината изнесувал 52,02 милиони денари. Овој износ е за 13,21% понизок од вкупниот приход во 2016 година.

Табела 29. Вкупни приходи на радиостаниците на регионално ниво во последните пет години

| | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| РА Арачина | 0.73 | 0.52 | 0.48 | 2.45 | 0.39 |
| РА Буба Мара | 10.73 | 11.35 | 12.01 | 11.50 | 7.55 |
| РА Ват | 6.17 | 5.49 | 5.96 | 5.74 | 5.31 |
| РА Зона М-1 | 1.00 | 1.20 | 1.41 | 1.16 | 1.01 |
| РА Урбан | 1.85 | 1.47 | 1.61 | 6.78 | 4.70 |
| РА Клуб ФМ | 1.00 | 1.06 | 1.95 | 2.91 | 1.79 |
| РА Лајф ФМ | 3.00 | 3.22 | 2.98 | 3.12 | 2.79 |
| РА Роса АБ | 2.09 | 2.01 | 2.03 | 2.39 | 2.06 |
| РА РФМ | 1.23 | 0.80 | 0.58 | 0.57 | 0.27 |
| РА Сити | 5.72 | 4.58 | 3.46 | 3.30 | 3.70 |
| РА Скај | 3.40 | 4.39 | 3.12 | 2.91 | 2.72 |
| РА Хепи | 1.77 | 0.51 | 1.59 | 1.60 | 3.76 |
| РА Спортско 90.3 ФМ | 4.71 | 5.98 | 4.88 | 7.15 | 7.68 |
| Универзитетско радио СТУДЕНТ ФМ 92.9 | 2.69 | 2.69 | 2.98 | 2.29 | 3.26 |
| РА Капитол | 0.48 | 0.40 | 0.45 | 0.59 | 0.64 |
| РА Фортуна | 6.82 | 5.76 | 4.66 | 4.89 | 3.60 |
| РА Џез ФМ | 0.67 | 0.45 | 0.58 | 0.59 | 0.80 |
| **Вкупно** | **54.06** | **51.88** | **50.73** | **59.94** | **52.02** |

Речиси половина од вкупните приходи (25,23 милиони денари) оствариле четири регионални радиостаници, и тоа РА Спортско 90,3 ФМ (7,68 милиони денари), РА Буба Мара (7,55 милиони денари), РА Ват (5,31 милиони денари) и РА Урбан (4,69 милиони денари).

Повисоки приходи отколку во 2016 година прикажале само шест радиостаници, РА Сити, РА Хепи, РА Спортско, Универзитетско радио СТУДЕНТ ФМ 92,9, РА Капитол и РА Џез ФМ.

82,95% од вкупните приходи на регионалните радиостаници биле остварени од реклами. За шест радиостаници (РА Ват, РА Зона М-1, РА РФМ, РА Хепи, РА Капитол, РА Фортуна и РА Лајф ФМ) овој тип на средства биле единствениот извор на приход во текот на целата година.

Учеството на приходите од продажба на содржини и останатите приходи е речиси еднакво. Приходот од продажба на содржини е 7,84%, а на останатите приходи е 7,88% од вкупните приходи на регионалните радиостаници. Целиот износ на приходот од продажба на содржини припаѓа на РА Урбан.

Табела 30. Структура на приходите на радиостаниците на регионално ниво

| | **износ** | **учество** |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 43.15 | 82.95% |
| Спонзорства | 0.64 | 1.23% |
| Продажба на содржини | 4.08 | 7.84% |
| Приходи обезбедени од трети страни | 0.03 | 0.06% |
| Останати приходи | 4.10 | 7.88% |
| **Приходи од основна дејност** | **52.00** | **99.96%** |
| Приходи од други дејности | 0.02 | 0.04% |
| Вонредни приходи | 0.00 | 0.00% |
| **Вкупни приходи** | **52.02** | **100.00%** |

Приходите од реклами во 2017 година се намалиле за 15,82% во споредба со претходната година. Намалување прикажале вкупно 13 радиостаници.

**Слика 46. Удел во приходите од рекламирање на радиостаниците на регионално ниво**



РА Буба Мара, РА Спортско 90,3 ФМ и РА Ват оствариле најмногу приходи од реклами (РА Буба Мара - 7,53 милиони денари, РА Спортско 90.3 ФМ - 6,62 милиони денари и РА Ват - 5,31 милиони денари).

Во анализирната година регионалните радиостаници заедно потрошиле 49,54 милиони денари, што е за 12,98% помалку од 2016 година. Најмалку средства регионалните радија потрошиле во 2015 година (49,51 милиони денари), а најмногу во 2016 година (56,93 милиони денари).

**Слика 47. Движење на вкупните трошоци на радиостаниците на регионално ниво во последните пет години**




Од вкупно 17 радиостаници 11 ги намалиле, а шест ги зголемиле трошоците од работењето.

Трошоците на РА Спортско 90.3 ФМ биле највисоки од сите регионални радиостаници во тековната 2017 година во износ од 7,34 милиони денари, а РА РФМ потрошила најмалку средства, односно само 0,32 милиони денари.

